РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

08-1276/5
23-11-2021

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на второто продолжение од 55-та седница одржано на ден 18.11.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3454/1 од 05.10. 2020 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ______________, поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по поднесено барање за поведување на прекршочна постапка против ________________, поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Прекршочната комисија во ДКСК донела Решение број 14-1278/3 од 22.10.2021 година со кое именуваната ја огласила за одговорна за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и и изрекла прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот заведен под број 08-3545/1 од 05.10.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во својата евиденција коснатира дека на лицето __________________ на 04.08.2020 година му престанала функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Макдонија и дека во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата не поднело анкетен лист до ДКСК.

Поради горенаведеното, ДКСК на именуваното лице му издаде прекршочен платен налог бр.08-3454/3 од 06.10.2020 година, за сторен прекршок од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на именуваната, во законски утврдениот рок не е постапено по прекршочниот платен налог, поради што ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против именуваното лице.

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-1278/3 од 22.10.2021 година именуваната ја огласила за одговорна за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и и изрекла прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:
Одобрил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**